Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Полјоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 89

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 3.11.2011 година донесе Одлука 1902-127/12 за распишување на Конкурс за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната уметничка област ***пијано и методика на наставата по пијано*** на Факултетот за музичка уметност. На 20.12.2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 1902-146/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *пијано и методика на настава по пијано* на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

– проф. м-р Тодор Светиев, редовен професор од наставно-научната уметничка област пијано, вработен на Факултетот за музичка уметност во Скопје;
– проф. Валентина Нолчева, редовен професор од наставно-научната уметничка област пијано, вработена на Факултетот за музичка уметност во Скопје;
– проф. д-р Димитрије Бужаровски, редовен професор од наставно-научната уметничка област музикологија и композиција, вработен на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 9.12.2011, за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *пијано и методика на настава по пијано* се пријави само еден кандидат**:** д-р Милица Шкариќ.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

– Пријава;
– Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд;
– Кратка биографија;
– Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– Список на објавени научни и стручни трудови;
– Уверение за државјанство;
– Изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат:

| Кандидат | Пријава | Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски и докторски труд | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови/ концерти (член 127) | Уверение за државјанство | Изјава-образец 1 од Комисија за верификација на факти и копија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д-р Милица Шкариќ | Има | Има | Има | Има | Има | Има | Има |

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Милица Шкариќ** завршува основно и средно музичко училиште во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во класата по пијано на Валентина Нолчева. Дипломира пијано во Париз на Ecole Normale de Musique de Paris во класата на Нелсон дел Вињ, со висок просек (дипломата е нострифицирана и е дополнета со еквиваленција на оценките). На истата институција се здобива и со диплома по камерна музика. Две години изучува корепетиција во класата на Сесил Хугонар-Рош, професор на Националниот конзерваториум во Париз. По студиите во Париз таа се усовршува како солист во класата на интернационално реномираниот пијанист Евгениј Королјов на Факултетот за музичка уметност во Хамбург, Германија. На оваа институција таа се здобива со диплома за пијано интерпретација во траење од шест години. Магистрира методика на наставата по пијано под менторство на проф. Лепша Пиперковска на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во 2007 докторира методика на наставата по пијано под менторство на проф. м-р Тодор Светиев и проф. д-р Зоран Стојановски на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во текот на 2004-2005 г., таа оствари студиски престој како гостин-професор на Факултетот за музичка уметност во Ен Арбор, Мичиген, САД.

Носител е на три први републички награди по пијано, на прва специјална награда со максимален број поени на Сојузниот натпревар на поранешна Југославија, четврта награда на Меѓународниот натпревар во Сенигалија, Италија, прва награда на Меѓународниот натпревар во Саребург, Франција и награда за корепетиција на натпреваротЕлизе Мајер, Хамбург, Германија.

Носител е на стипендиите од фондациите Albert Roussel, Gilda Santarelli, Otto Stoterau Stiftung, Soros, DAAD, JFDP и др. Настапувала како солист и камерен партнер во Франција, Германија, Италија, САД, Србија, Бугарија, Македонија и др. Повеќе нејзини целовечерни концерти се снимани во живо од Македонската радио телевизија. Нејзини изведби на дела од македонски современи композитори се издадени на неколку ЦД-изданија од СОКОМ. Во 2009 година сними цело ЦД со обоистот Владимир Лазаревски со дела од современи автори.

Од 2007 година Шкариќ е вонреден професор по пијано, камерна музика и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност во Штип.

Шкариќ има објавено повеќе музички научни и стручни трудови. Автор е на рецензиран и објавен универзитетски учебник со наслов *Пијано, детски и други музички инструменти*.

Од 2009 година е редовен член на стручниот тим за изработка на наставни програми по пијано за државните основни и средни музички училишта во Р. Македонија. Активно се служи со германски, француски и англиски јазик.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2007 година д-р Милица Шкариќ е вонреден професор по пијано, камерна музика и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност во Штип. На истата институција го предава и предметот Историја на пијанизмот 1. За предметите Методика на настава по пијано 1 и Историја на пијанизмот 1, Шкариќ има изготвено две интерни

скрипти (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4). Во двете интерни скрипти Шкариќ користи богата интернационална литература од релевантни автори од областа. Шкариќ претставува, анализира и прави синтеза на познати дела од разни автори, притоа давајќи заклучоци на практична примена на изнесените сознанија во наставата по пијано.

Од 2007 до 2010 година Шкариќ го предаваше и предметот Музички инструмент како задолжителен предмет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев". За овој предмет Шкариќ издаде позитивно рецензиран универзитетски учебник со наслов *Пијано, детски и други музички инструменти* (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 1). Овој учебник е и составен дел од литературата која се изучува по предметот Методика на настава по пијано 1 на Факултетот за музичка уметност во Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 25).

Шкариќ е рецензент на скрипта од предавања по предметот Историја на музиката 1 од проф. д-р Стефанија Лешковска-Зеленковска (види табела Наставно-образовна дејност под ред. бр. 8).

Шкариќ е раководител на студенти по пијано на неколку студентски концертни манифестации (види табела Наставно-образовна дејност под ред. бр. 19). Нејзините студенти по пијано редовно настапуваат на разни видови концерти со цел да стекнат сценско искуство.

Во зимскиот семестар на учебната 2011-2012 година Шкариќ одржува предавања по предметот Методика на настава по пијано на постдипломски студии по пијано-интерпретација (види табела Наставно-образовна дејност под ред.бр. 27).

Шкариќ е рецензент на еден соработник и тројца наставници на Факултетот за музичка уметност во Штип (види табела Наставно-образовна дејност ред. бр. 30).

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2007 до 2011 година, Шкариќ реализираше успешно 10 целовечерни камерни концерти во признати сали во земјава и во странство, со различни целовечерни програми. Повеќе од овие концерти наидоа на позитивни оценки од критиката и публиката. Концертите се наведени подолу:

1. 7.4.2009 година, Музеј на Град Скопје (КИЦ): Целовечерен концерт со дела од Пол Хиндемит со Владимир Лазаревски-обоа и Милица Шкариќ-пијано (види табела Научно-истражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
2. 29.9.2009 година, Камерна зала „България", Софија: Целовечерен концерт со дела од современи композитори со Владимир Лазаревски – обоа и Милица Шкариќ – пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности ред. бр. 6). Овој концерт е позитивно рецензиран од бугарскиот обоист Калин Панајотов во Софија;
3. 9.10.2009 година, Музеј галерија XVIII Интерфест, Битола: Целовечерен концерт со дела од Телеман, Форе, Петрич, Петрович, Борисов со Владимир Лазаревски – обоа и Милица Шкариќ – пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
4. 16.12.2009 година, Музеј на Град Скопје (КИЦ): Целовечерен концерт со дела од Лист, Равел, Рахмањинов и Чајковски со Горан Начевски – баритон и Милица Шкариќ - пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6). Овој концерт е позитивно рецензиран во весникот *Вест* од страна на музичкиот критичар Елени Новаковска;
5. 5.5.2010 година, Салон 19'19 (КИЦ), Скопје: Целовечерен концерт со дела од Гранадос, Форе, Абасов и Прокофјев со Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
6. 15.2.2011 година, Концертна сала на ФМУ, Штип: Целовечерен концерт со дела од Лист, Равел, Рахмањинов и Чајковски со Горан Начевски – баритон и Милица Шкариќ - пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);

7. 20.6.2011 година, Даут Пашин амам, Скопје: Целовечерен концерт со дела од Шуман, Вивалди, Петрович и Хиндемит со Цветан Пијанечки - обоа и Милица Шкариќ - пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
8. 20.10.2011 година, Концертна сала на ФМУ, Штип: Целовечерен концерт со дела од Шуман со Елена Ангеловска – мецосопран и Милица Шкариќ – пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
9. 29.11.2011 година, Музеј на град Скопје: Целовечерен концерт со дела од Бриџ, Моцарт, Верди, Белини, Доницети и Боито со Паскал Краповски – виолончело, Гонца Богоромова – сопран и Милица Шкариќ – пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
10. 30.11.2011 година, Дом на култура, Струмица: Целовечерен концерт со дела од Бриџ, Моцарт, Верди, Белини, Доницети и Боито со Паскал Краповски – виолончело, Гонца Богоромова – сопран и Милица Шкариќ – пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6).

Во текот на 2007-2011 година Шкариќ реализираше три настапи на групни концерти, наведени подолу:

– 1.4.2009 година, Салон 19’19 (КИЦ), Скопје: Настап со дела од барокни автори со Елена Ангеловска – мецосопран и Милица Шкариќ – пијано во траење од 20 минути (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);
– 27.3.2010 година, Музеј на Град Скопје (ДММ, СОКОМ): Настап со дело од В. Велковска-Трајановска со Владимир Лазаревски - обоа и Милица Шкариќ - пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9). Овој настап е позитивно оценет од страна на Васка Наумова-Томовска музички критичар во Македонското радио;
– 23.12.2010 година, Дом на култура, Штип: Настап на новогодишен хуманитарен концерт со дело за обоа и пијано од Форе (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9).

Покрај концертните активност, Шкариќ објави во 2010 научен музички труд во првиот Зборник на Факултетот за музичка уметност во Штип и тоа:
– Шкариќ, М. (2010). *Музичкиот развој и улогата на музичкото образование кај децата до 10-годишна возраст*. Годишен зборник бр. 1 на Факултетот за музичка уметност. УГД:Штип (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 5).

Во овој труд Шкариќ преку повеќе релевантни истражувања го претставува музичкиот развој кај децата до 10-годишна возраст. Авторката укажува на позитивните влијанија на музичкото образование кое во поволни услови овозможува зголемување на коефициентот на интелигенција, подобро социјално однесување, подобра способност на концентрација и подобри училишни резултати.

Од 2008-2011 година Шкариќ одржа едно секциско предавање и зема учество со усно изложување на три реферати на научни музички собири, наведени подолу:
– Шкариќ, М. (2008). *Импровизацијата во почетната настава по пијано*. Секциско предавање изложено на ЕПТА (Европска асоцијација на педагози по пијано) во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ Скопје на 22.11.2008 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7).
– Шкариќ, М. (2010). *Музичкиот развој и улогата на музичкото образование кај децата до 10-годишна возраст*. Реферат изложен усно на научно-стручниот собир на Факултетот за музичка уметност во Штип на 9.2.2010 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9).

– Шкариќ, М. (2011). *Досегашни сознанија за мерењето на музичките искуства*. Реферат изложен усно на Струшка музичка есен во Струга на 18.9.2011 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9).
– Шкариќ, М. (2011). *Проблематика на користење различни изданија при изведувањето на клавирската музика на Ј.С.Бах*. Реферат изложен усно на Струшка музичка есен во Струга на 18.9.2011 година (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9).

Шкариќ беше член на организационен одбор на првиот научен и стручен собир на Факултетот за музичка уметност во Штип кој се одржа на 9 февруари 2010 година (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 19). Шкариќ е уредник на првиот зборник на трудови од овој собир на Факултетот за музичка уметност (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 16).

Во 2009 година Шкариќ сними цело ЦД со обоистот Владимир Лазаревски со дела од современи автори, издадено од Културно-информативниот центар во Скопје и поддржано од Министерството за култура (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности последна графа).

***Стручно - апликативна дејност и организационо-развојна дејност***

Од 2007 до јуни 2011 година Шкариќ е член на Универзитетската комисија за наставни прашања при Универзитетот „Гоце Делчев“. Од јуни 2011 година Шкариќ е член на Сенатот при Универзитетот „Гоце Делчев“ (види табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр. 27).

Шкариќ е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити (види табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр. 28).

Од 2009 година Шкариќ е составен член од експертскиот тим кој секоја година изготвува наставни програми по предметот Пијано за основното и средното музичко образование за територијата на цела Р. Македонија. Шкариќ редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата по пијано при Факултетот за музичка уметност согласно со промените на ЕКТС (Табела Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност ред. бр.17).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната наведена активност на кандидатката д-р Милица Шкариќ детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно - научната уметничка област пијано и методика на настава по пијано на Факултетот за музичка уметност наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да кандидатката вонреден професор д-р Милица Шкариќ се избере во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област *пијано и методика на настава по пијано* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Тодор Светиев, редовен професор, с.р.**
**Валентина Нолчева, редовен професор, с.р.**
**Д-р Димитрије Бужаровски, редовен професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Милица Шкариќ**

| Реден број | **Наставно-образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | **15** | |
| 4. | Интерна скрипта од предавања | **2x4=8** | |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | **1** | |
| 19. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | **3x1=3** | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра од изборниот период) | **50** | |
| 27. | Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс | **3** | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | **4x1=4** | |
| | Вкупно поени | **84 од потребни 40** | |

| Реден број | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник од трудови на научен собир | **1** | |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (9 целовечерни камерни концерти во признати сали во земјава и 1 во странство) | **3x9=27** | **6x1=6** |
| 7. | Едно секциско предавање на научен собир и еден музички настап на официјален концерт (настап на камерен концерт во траење од 20 мин.) | **2x2=4** | |
| 9. | Три учества на научни собири со устен реферат и два настапи на групни концерти во земјава и во странство | **5x1,5=7,5** | |
| 16. | Уредник на зборник на трудови | **2** | |
| 19. | Член на организационен одбор на научен собир | **1** | |
| | Снимено цело ЦД издадено од издавачка куќа | **6** | |
| | Вкупно поени | **54,5 од потребни 45** | |

| Реден број | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 17. | Елаборати и експертизи | **5x2=10** | |
| 27. | Член на универзитетски тела | **2x5=10** | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | **4x2=8** | |
| | Вкупно поени | **28 од потребни 15** | |

**Вкупно 166,5 од потребни 100 поени**